**20240170413**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јануари 2025 година.

Бр. 08-399/1
22 јануари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 67/22, 170/24 и 3/25) во членот 8-б ставот 6 се менува и гласи:

„Комисијата од ставот 5 на овој член се состои од шест члена од кои три члена се од Министерството за транспорт, два члена се од правни лица преку кои превозниците ги остваруваат своите интереси од сите аспекти на своето работење и еден надворешен член со високо образование и со најмалку пет години работно искуство на работи од областа на патниот сообраќај.”.

Член 2

Во член 87-б став 4 во алинејата 4 зборот „пет“ се заменува со зборот „шест“.

Член 3

Вработените, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Државниот инспекторат за транспорт се преземаат во Министерството за транспорт, најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Директорот на Државниот инспекторат за транспорт именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.